РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-6808/5
06-04-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението на 84-та седница одржана на ден 31.03.2023 година донесе

О Д Л У К А

Постапката на ДКСК по предмет број 08-6808/1 од 14.12.2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на _____, поранешен член на Управен одбор – преставник на основачот на _____, СЕ ЗАПИРА.

Прекршочната комисија со Решение број 14-783/5 од 29.11.2022 година ја запре постапката за сторителот _____по добиеното известување бр.14-289/4 од 13.09.2022 година од Управата за водење на матични книги со кое се известува дека лицето починало на 02.07.2022 година и истото е запишано во МКУ за Скопје те.бр. 3234 за 2022 година.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот број 08-6807/1 од 14.12.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК, од Службен весник број 152 од 2020 година утврди дека _____ од _____со Решение број 20-5090/1 од 29.05.2020 година е разрешен од должноста член на Управен одбор – преставник на основачот на _____.

Од својата евиденција ДКСК утврди дека лицето _____, во законски утврдениот рок од 30 дена од денот на разрешување на наведената функција, не поднело анкетен лист до ДКСК.

ДКСК на лицето му издаде и достави прекршочен платен налог број 08-6808/2 од 14.12.2021 година за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Со оглед на тоа што лицето _____, во законски предвидениот рок не постапи по прекршочниот платен налог, ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочната комисија во ДКСК.

Прекршочната комисија во ДКСК со Решение број 14-783/5 од 29.11.2022 година ја запре постапката по барање за поведување на прекршочна постака за сторителот _____по добиеното известување бр.14-289/4 од 13.09.2022 година од Управата за водење на матични книги со кое се известува дека лицето починало на 02.07.2022 година и истото е запишано во МКУ за Скопје те.бр. 3234 за 2022 година.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: Нури Бајрами, член

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Катица Николовска